**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,**
**ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Со цел приближување на работата на државната администрација кон младите, а воедно и укажување на можност за стекнување на работно искуство со кое би можеле полесно да конкурираат на пазарот на трудот, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство овозможува волонтирање за заинтерсираните кандидати.

Волонтирањето ќе биде во периодот од 15 ноември 2011 година до 30 април 2012 година.

По завршување на волонтирањето Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не превзема обврска за вработување на волонтерите.

Пожелно е кандидатите да имаат:

- Завршен факултет или студии во тек на некој од факултетите за технички науки (Градежен факултет-Катедра за геодезија, Факултет за земјоделски науки и храна, Шумарски факултет, Електротехнички факултет, Машински факултет, Природноматематички факултет)
- Задолжително солидно познавање на работа со компјутери (Internet, Microsoft Office, работа во Google maps & earth и сл.)
- Пожелно познавање на ГИС апликација (ArcMap, AutoCAD, Microstation, итн.)

Заинтересираните кандидати да доставaт писмо за интерес, кратка биографија и копија од индекс на адреса: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, улица „Јуриј Гагарин„ бр. 15 – Скопје

**Рокот за пријавување е до 1 ноември 2011 година.**

| **Подрачна единица** | **Потребен број на ангажирани волонтери** | **Подрачна единица** | **Потребен број на ангажирани волонтери** |
|---|---|---|---|
| Берово | 3 | Куманово | 9 |
| Битола | 1 | Неготино | 4 |
| Валандово | 2 | Прилеп | 8 |
| Гази Баба | 1 | Радовиш | 4 |
| Гевгелија | 2 | Ресен | 1 |
| Делчево | 1 | Свети Николе | 4 |
| Демир Хисар | 1 | Струмица | 9 |
| Кавадарци | 12 | Тетово | 2 |
| Кисела Вода | 2 | Крива Паланка | 1 |
| Кочани | 3 | Скопје | 3 |